Бр: 03-5/5
Скопје: 07.02.24

Врз основа на член 28 став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) и член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), а врз основа на Барањето на мислење добиено од Министерството за економија бр. 12-4881/1 од 29.12.2023 година (Наш број 03-5/1 од 02.01.2024 година), Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 07.02.2024 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

Министерството за економија достави Барање на мислење 12-4881/1 од 29.12.2023 година (во натамошниот текст „Барање на мислење„), до Комисијата за заштита на конкуренцијата во врска со нов текст на Предлог-закон за реализација на стратешкиот инвестициски проект „МИТИЛИНЕОС Когенеративна постројка Скопје„ и Предлог – Договор за стратешки инвестициски проект „МИТИЛИНЕОС Когенеративна постројка Скопје„.

Кон Барањето на мислење од Министерството за економија беа доставени и Предлог-Закон за реализација на стратешкиот инвестициски проект „МИТИЛИНЕОС Когенеративна постројка Скопје„, во натамошниот текст: Предлог – Закон), Предлог – Договор за стратешки инвестиционен проект „МИТИЛИНЕОС Когенеративна постројка Скопје„ (недостасува насловот, но од содржината произлегува дека се работи за Предлог – Договор, доставени се две верзии, во натамошниот текст: Предлог – Договор), План за подготовка и реализација, Договор за долготраен закуп, Табеларен приказ на висината на закупнина и на надоместокот за службеност на градежно земјиште, Договор за гаранција, Откуп при раскинување и Банкарска гаранција.

Согласно член 3 од Предлог-Законот, стратешкиот инвеститор има ексклузивно право на стратешкиот инвестициски проект, што вклучува проектирање, финансирање, осигурување, изградба, сопственост, управување и одржување на постројка за комбинирано производство на електрична и топлинска енергија, вклучувајќи ги нејзините дополнителни и помошни системи, со вкупна инсталирана моќност од 130 – 165 MWh, и 90 – 105 MWh, како и сите други објекти, опрема, инфраструктура,

подвижни и недвижни ствари потребни за изградба и соодветна употреба на постројката.

Исто така, согласно член 3 од Предлог-Законот, стратешкиот инвестициски проект ќе се реализира на подрачјето на општина Гази Баба, на простор избран или одобрен од стратешкиот инвеститор и определен со урбанистички план за подрачја и градби од државно значење.

Според член 4 од Предлог – Законот, Владата и стратешкиот инвеститор склучуваат договор за стратешки инвестиционен проект кој е составен дел на овој закон, со времетраење од 30 години од датумот на комерцијалното работење и можност за продолжување и раскинување на начин и под услови утврдени во самиот договор. Во член 5 од Предлог-законот е наведена проценетата вредност на капиталот што стратешкиот инвеститор планира да го инвестира за реализација на стратешкиот инвестициски проект, и е во вкупна вредност од 290 милиони евра, коишто ќе бидат обезбедени од приватни средства, вклучувајќи средства обезбедени од комерцијални банки, банки за развој, меѓународни финансиски институции, инвестициски фондови и приватни инвеститори и може да вклучи и долг и влог во друштвото. Во истиот член во ставот (2) е предвидено дека Владата може да склучи директни договори со заемодавачот или нивниот застапник, по претходно барање на стратешкиот инвеститор. Комисијата за заштита на конкуренцијата смета дека е потребно појаснување на наведениот член 5 став (2) од Предлог законот.

Членот 7 од Предлог – Законот предвидува дека ќе биде основана индустриска зона „Енергија Скопје„ согласно Законот за индустриски зелени зони. Потребно е давателот на државна помош во Известувањето кое ќе го достави до Комисијата за заштита на конкуренцијата да ги образложи поволностите кои ќе бидат дадени на стратешкиот инвеститор со основањето на оваа индустриска зона.

Во членот 9 од Предлог – Законот (Поттикнувачки мерки) е предвидено дека Владата му доделува на стратешкиот инвеститор државна помош во вид на финансиска поддршка во износ од 49.750.000 евра во денарска противвредност. Во врска со овој член од Предлог – Законот, потребно е давателот на државна помош да образложи на каква точно финансиска поддршка се однесува овој износ, да ја образложи неопходноста за нејзиното доделување и во што би се состоела евентуална нефинансиска поддршка (во обем и во вид).

Исто така, како што е наведено во членот 10 од Предлог – Законот, во рок од три месеци од склучувањето на договорот за стратешки инвестициски проект, акционерското друштво во сопственост на државата кое што е производител на електрична енергија со најголем инсталиран капацитет

во земјата, склучува со стратешкиот инвеститор договор за откуп на произведената електрична и топлинска енергија од постројката.

Членот 38 од Предлог – Договорот се однесува на државната помош, односно, во овој член наведено е дека во рок од 30 дена од денот на склучување на Договорот, Владата и АД ЕСМ ќе поднесат известување во однос на потенцијалните обврски поврзани со овој Договор кои би можеле да претставуваат државна помош, која како надлежен орган за државна помош ќе го извести Секретаријатот на Енергетската заедница. Воедно, во истиот член се прејудицира добивањето на одлука за дозволеност доколку кои било обврски поврзани со Договорот претставуваат државна помош согласно применливите прописи.

Во едната верзија од Предлог – Договорот стои член 11 (Поттикнувачки мерки), кој меѓу другото предвидува Комисијата за заштита на конкуренцијата да го поддржи и одбрани доделувањето на пакетот на државна помош пред надлежните судови. Ова е целосно неприфатливо и Комисијата бара бришење на оваа формулација.

Комисијата за заштита на конкуренцијата смета дека е потребно преформулирање односно исфрлање на зборовите „и ќе добијат одлука за дозволеност од Комисијата за заштита на конкуренцијата доколку кои било обврски поврзани со Договорот претставуваат државна помош согласно применливите прописи„ од членот 38 од Договорот.

Воедно, напоменуваме дека е потребно давателот на државна помош да го достави предлог договорот заедно со известувањето до Комисијата за заштита на конкуренцијата пред неговото потпишување.

Во врска со најавата за реализација на стратешкиот инвестициски проект „МИТИЛИНЕОС„, давателот на државната помош е должен да поднесе известување за планирано доделување на индивидуална државна помош, согласно член 13 од Законот за контрола на државната помош и Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојаната државна помош („Службен весник на РМ“ бр. 142/11) .

Со поднесувањето на известување за планирано доделување на индивидуална државна помош, а во врска со член 8 од Законот за контрола на државата помош, во кој член се наведени исклучоците од општата забрана за доделување на државната помош, давателот на државната помош, треба да достави до Комисијата за заштита на конкуренцијата образложение со оправданост за планираното доделување на државна помош предвидена во членот 16 од Предлог-Законот за реализација на стратешкиот инвестиционен проект „МИТИЛИНЕОС„. Ова, со цел, Комисијата за заштита на конкуренцијата согласно своите законски надлежности, да може да определи дали и под кои услови може да се додели планираната државна помош а истата да

биде согласно член 8 став (2) од Законот за контрола на државната помош.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Ана Николоска**